# СОГЛАСНОСТ

Јас, ___________________________ (име и презиме), со лична карта/пасош број _______________, изјавувам дека сум полнолетно и деловно способно лице, способно самостојно и доброволно да учествува во активностите на АРНО Скопје - Центарот за поправки „Ништо ново", при што ги прифаќам следните услови:

**1. Одговорност за лична безбедност:**

- Целосно сум свесен/а дека активностите во Центарот за поправки можат да вклучуваат употреба на алати и машини кои носат одреден ризик од повреда.
- Ги прочитав, разбрав и се обврзувам да ги следам НАСОКИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ (1), КУЌНИТЕ ПРАВИЛА (2), кои што се јавно објавени во просториите на Центарот за поправки, како и сите безбедносни упатства и препораки на организаторите и персоналот.
- Се согласувам дека АРНО Скопје - Центарот за поправки „Ништо ново", неговите вработени, волонтери и партнери не сносат одговорност за каква било повреда, штета или загуба што може да настане за време на моето учество во активностите.

**2. Одговорност за предмети и поправки:**

- Разбирам дека АРНО Скопје - Центарот за поправки „Ништо ново" не гарантира целосен успех на поправките и не е одговорен за дополнителни оштетувања на предметите што ги носам на поправка.
- Доколку предизвикам материјална штета на опремата или просторот, ја прифаќам обврската да ја надоместам.
- Доколку присвојам или украдам предмети, алат или опрема, се согласувам да платам десеткратна вредност на истите.
- Ќе ги користам алатите и опремата наменски и совесно.
- Ќе ги враќам алатите на предвидените места по користење.
- Ќе се грижам за хигиената и редот во просторот.
- Ќе се однесувам одговорно кон материјалите и опремата на центарот.

**3. Согласност за фотографирање и користење на материјали:**

- Свесен/а сум дека просторот е под видео надзор и дека снимките се користат исклучиво за безбедносни цели.
- Давам дозвола да бидам фотографиран/а и сниман/а за време на активностите.
- Се согласувам фотографиите, видеата и другите медиумски материјали да бидат користени за промотивни и едукативни цели на АРНО Скопје - Центарот за поправки „Ништо ново" , АРНО Скопје и партнерите
- Доколку не сакам да бидам фотографиран/а, ќе го известам персоналот пред почетокот на активностите.

**4. Изјава:** Со потпишување на оваа согласност, потврдувам дека ги разбирам и прифаќам сите горенаведени услови и дека доброволно се согласувам на истите. Секој посетител е обврзан пред да користи алати или да учествува во активности во просторот да потпише СОГЛАСНОСТ. Без потпишан документ, посетителите немаат право на учество, а организаторот и персоналот имаат право да им забранат престој во просторот.

**Име и презиме:** _______________________ **Потпис:** _______________________

**Датум:** ____________

Напомена: АРНО Скопје ќе ги користи и обработува добиените податоци согласно Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ" бр. 42/20 и 294/2021) и своите внатрешни правилници за заштита на лични податоци во согласност со Општата регулатива за заштита на лични податоци (GDPR – General Data Protection Regulation).